# ИНФОРМАТОР

vitaminka.company

Бр. 39 јуни 2026




*За почеток*

**70 години Витаминка, ден посветен на вработените и нивните семејства**

Стр. 5

*Во фокусот*

**Во чекор со светските трендови во прехранбената индустрија**

Стр. 12

*Издвојуваме*

**„Серенада за Прилеп“ - емотивна музичка посвета за градот од Витаминка, Блага, Дац и Александар**

Стр. 13

# СОДРЖИНА





Стр. 6

70 години раскажани низ AI-приказна што патува низ времето



Стр. 8

Седум децении успех, раст и доверба

Стр. 9



„Серенада за Прилеп“ - емотивна музичка посвета за градот од Витаминка, Блага, Дац и Александар

Стр. 18



Каде се движи иднината на supply chain индустријата

Стр. 32

Витаминка дел од младинската иницијатива за циркуларна економија


Информатор

*Воведник*

***70 години Витаминка: Вредности што траат, визија што продолжува***




Постојат моменти во животот на една компанија кога бројките прераснуваат во симбол, а годишнините стануваат сведоштво за вредности што траат. Да се зборува за 70 години Витаминка значи многу повеќе од успех. Тоа е визија што трае, вредности што се пренесуваат и доверба која се негува, со децении. 70 години, Витаминка е синоним за континуитет, за истрајност и за способност, компанија која расте со времето, а сепак е доследна на својот идентитет.
За мене, оваа годишнина има и длабока лична димензија. Развојниот пат на Витаминка го препознавам низ три генерации. Тоа не е само семејна линија, туку траекторија на континуитет, од создавањето и поставувањето на темелите, преку развојот и стабилизацијата, па сѐ до новата енергија, модернизација и подготовки за иднината.

Првата генерација ја постави основата, време кога требало да се создава, да се постават темелите, да се гради доверба и да се носат одлуки, со голема одговорност. Оваа генерација знаела дека вистинскиот успех не се мери само со раст, туку со карактерот кој што компанијата го покажува низ годините. Следната генерација преземала обврска таа основа да ја развива. Да ја внесе Витаминка во новите пазарни услови, да ја зајакне Компанијата, да отвора простори за инвестиции, за современи процеси, за нови брендови и пазари. Да покаже дека традицијата не е ограничување, туку сила и јасна визија. Денес, нашата генерација ја носи одговорноста да продолжи во тој манир. Како прво, да ја оправдаме довербата што ни е дадена, но и да ја подготвиме Компанијата за иднината што доаѓа побрзо, од кога било досега. Иднина која бара ефикасност, иновација, прецизност, нови знаења и храброст да се менуваме, без да се оддалечиме од она што нѐ направило препознатливи. Според мене, тоа е суштината на Витаминка: да се развива, но да остане своја. Да инвестираме во новото, но да го почитуваме она што е создавано со децении. Да биде современа Компанија, а истовремено да ги задржи човечноста, домаќинлукот и одговорноста, како вредности кои се темелот на нашето работење, од самиот почеток.

Витаминка денес е бренд, производствен систем, работодавец, партнер и извозник. Но пред сѐ, Витаминка се луѓе. Луѓе што веруваат дека квалитетот не е случајност, туку резултат на одговорност. Луѓе што знаат дека довербата не се бара, туку се заслужува секој ден, со секој производ, со секоја

одлука. Токму тоа е најголемото признание што една Компанија може да го добие - да стане дел од животот на нејзините луѓе.

Овој јубилеј им припаѓа на сите што ја создавале и денес ја создаваат Витаминка. На вработените, чија работа е вградена во секој производ. На партнерите, кои низ годините биле дел од нашиот развој. На потрошувачите, чија доверба е најсилната потврда дека сме на вистинскиот пат. И на Прилеп, градот од каде е почната историјата за Витаминка и со кого останува трајно поврзана. 70 години се големо наследство. Но, уште поголема е одговорноста, тоа наследство да се продолжи, храбро и достоинствено. И секако, не само да се зборува за минатото, туку да се создава иднина. Токму затоа, вечерва сакам со особена почит да се заблагодарам на мојот дедо, Симон Наумоски, и на мојот татко, Сашо Наумоски. На дедо ми, за трпението и за домаќинската мудрост со која се градела Витаминка низ годините, во кои секоја одлука барала визија и карактер. На татко ми, за развојот, за стабилноста и за современиот менаџерски пристап, со кој Компанијата продолжи да расте, да се модернизира и да го проширува своето присуство.

За крај, дозволете ми со гордост и со почит кон сите генерации да кажам: Витаминка има силни корени, стабилна сегашност и јасна насока напред! Нека ни е честит јубилејот - 70 години Витаминка! Да продолжиме со истата доверба, со уште поголема енергија и со визија достојна на името што го носиме. Ние во Витаминка не чекаме трендовите да дојдат кај нас. Ги создаваме тука, во Македонија, на домашен терен.

**Илија Наумоски,**
*Главен оперативен директор на Витаминка*

*За почеток*

# 70 години Витаминка, ден посветен на вработените и нивните семејства

Што е јубилеј ако не се одбележи со сите оние кои придонеле до тој јубилеј. Што е 70 години Витаминка ако не нашите вработени, нашето семејство. Токму затоа, по повод 70 години од постоењето на Витаминка, организиравме посебна прослава за вработените и нивните семејства, луѓето кои секојдневно се дел од приказната што ја градиме веќе седум децении.

Во прекрасна атмосфера исполнета со музика, забава и активности за сите генерации, повеќе од 1 500 вработени, членови на нивните семејства и пријатели на компанијата заедно го одбележаа овој значаен јубилеј. Настанот беше можност да се дружиме, да создадеме нови спомени и да го прославиме заедничкиот успех што го градиме низ годините.

Во рамки на прославата беа доделени благодарници на вработени од различни сектори, како признание за нивната посветеност, труд и придонес во развојот на компанијата. Овие признанија се симбол на благодарност кон луѓето кои со својата работа се вградени во успехот на Витаминка.

Програмата беше збогатена со настапи на повеќе музички изведувачи, а низ содржините на настанот нè водеше актерот Игор Трпчески. Посебен момент беше обраќањето на Симон Наумоски, Претседателот на Одборот на директори на Витаминка, кој низ лична и инспиративна приказна се осврна на развојот на компанијата и вредностите што ја водат низ годините.
Јубилеите се можност да се потсетиме на сè што сме постигнале, но и да им оддадеме признание на луѓето кои стојат зад тие успеси. Токму затоа, оваа прослава беше посветена на Витаминка семејството, генерациите вработени кои веќе 70 години ја создаваат приказната на нашата компанија.














*За почеток*

# 70 години раскажани низ AI-приказна што патува низ времето

***Јубилејниот спот „Кој би помислил, од една пиперка... до цел свет на вкусови“ носи емотивно патување низ најпрепознатливите вкусови и моменти од историјата на брендот и производите што оставија трага кај многу генерации.***

По повод својот 70-годишен јубилеј, Витаминка ја претстави рекламата „Кој би помислил, од една пиперка... до цел свет на вкусови“, целосно создадена со вештачка интелигенција. AI рекламата е инспиративна приказна што на емотивен и современ начин го оживува богатото наследство на компанијата, а сепак конципирана и продуцирана со помош на вештачката интелигенција. По својата обемност, продукциска сложеност и креативна изведба поставува нови стандарди во домашната маркетинг-комуникација.

Прикажаната во рекламата е времеплов низ светот на Витаминка, емотивно навраќање на најзначајните моменти од нејзината историја, претставени преку најпознатите и најомилените вкусови на брендот. Од првиот производ „Мелената алова пипер“ од 1956 година, преку Стоби Флипс и Дафинка, до Цевитана, чоколадите Синтагма и Happy, Frutti Jaffa меките бисквити и Cake up колачите, производите што стигнаа до повеќе од 30 земји во светот, рекламата го оживува наследството на Витаминка на современ и технолошки иновативен начин. Содржи голем број кадри, секој со внимателно осмислени визуелни светови, посебни карактери, различни амбиенти и прецизно интегрирани пресвртни моменти, што ја прави оваа реклама исклучително комплексен и продукциски голем потфат.

Рекламата се издвојува и по начинот на кој технологијата е употребена за да се изгради богата, емотивна и визуелно слоевита приказна. Секоја сцена е обликувана со сопствена естетика, атмосфера и наративна функција, со цел автентично да се долови духот на различните декади низ кои се развива Витаминка.

Рекламниот спот е дело на тимот на Дивижн маркетинг и адвертајзинг, кој ја разви како носечки елемент на кампањата за големиот јубилеј на Витаминка.

Со овој проект, Витаминка уште еднаш потврдува дека е бренд што успешно ја спојува традицијата со иднината. Рекламата не е само одбележување на 70-годишниот јубилеј, туку и јасна порака дека Витаминка и понатаму ќе продолжи да создава нови вкусови, нови приказни и нови светови за своите потрошувачи.












*За почеток*

# Седум децении успех, раст и доверба



Нашата компанија одбележа 70 години од своето постоење, значаен јубилеј што ја потврдува нашата позиција како една од најпрепознатливите компании во македонската прехранбена индустрија. Во текот на изминатите седум децении создававме брендови кои станаа дел од секојдневието на повеќе генерации потрошувачи и успешно го проширувавме нашето присуство на меѓународните пазари.



По повод јубилејот организиравме корпоративен настан во присуство на институции, деловни партнери и соработници, со кои низ годините градиме успешни и долгорочни односи. Во рамки на настанот беа доделени признанија на долгогодишни партнери и соработници, како знак на благодарност за довербата и заедничкиот придонес во развојот на нашата компанија.



Пред присутните беше претставен и Извештајот за одржливост за 2025 година, со што уште еднаш ја потврдивме нашата посветеност на одговорното работење и одржливиот развој. Седумдесетгодишнината претставува значајна пресвртница за Витаминка и потврда за вредностите што нè водат со децении, квалитет, посветеност, доверба и постојан развој. Со истата енергија и визија продолжуваме да ја градиме нашата иднина и во годините што следат.





*Издвојуваме*

# „Серенада за Прилеп" - емотивна музичка посвета за градот од Витаминка, Блага, Дац и Александар

„Серенада за Прилеп" е емотивна музичка посвета за Прилеп од Витаминка, која по повод својот значаен јубилеј 70 години постоење, му подари на градот музичка посвета каква што заслужува, топла, достоинствена и искрена.
Блага Петреска, Дац и Александар Митевски и Витаминка за градот под Марковите Кули создадоа, емотивна музичка посвета за Прилеп, градот на чаршијата, тутунот, корзото, и Марковите Кули.
Песната носи топла приказна за Прилеп и за сите спомени, ликови и симболи што генерации прилепчани ги носат во себе. Исполнета со емоција, носталгија и љубов, „Серенада за Прилеп" е создадена како музичка честитка за градот, но и како траен спомен за неговиот дух и препознатлива душа.
Спотот се снимаше низ Старата чаршија и други локации во Прилеп, каде преку слики, средби и градски мотиви ја оживува атмосферата на градот. Случајните средби со граѓаните му дадоа на целиот проект посебна топлина и искреност, а еден од најемотивните сегменти е старото кино во Прилеп, каде како спомени се појавуваат значајни ликови кои со своето дело, љубов и посветеност оставиле траен белег во меморијата на градот.





Музиката и аранжманот се дело на Александар Митевски, текстот го потпишуваат Огнен Неделковски и Митевски, а продукцијата е на Валентино Скендеровски. Во песната се преплетуваат романтичниот сензибилитет на Дац и Александар и препознатливиот, емотивен глас на Блага Петреска.
„Серенада за Прилеп" не е само песна што ќе се слуша, туку песна што ќе се препознава. Во неа има чаршија, тутун, камен, сонце, младост, љубов и гордост, Прилеп таков каков што го паметат генерациите.




*Фокус на ...*

# Заеднички поглед кон иднината на регионалните пазари

Успешно ја реализиравме нашата осма Регионална средба во Крушево, на која заедно со клучните деловни партнери од регионот разговаравме за досегашните резултати, предизвиците и можностите за понатамошен раст.

Средбата се одржа во година кога одбележуваме значаен јубилеј, 70 години Витаминка, што ѝ даде дополнителна симболика на можноста да се собереме и да ги зацврстиме односите со партнерите кои се важен дел од нашиот развој на регионалните пазари.

Преку работни состаноци, дискусии и размена на искуства, ги разгледавме идните насоки за развој и ги поставивме приоритетите за периодот што следува. Воедно, средбата беше можност за продлабочување на соработката и потврда на заедничката посветеност кон понатамошен раст и унапредување на пазарните позиции.

Регионалната соработка останува еден од клучните двигатели на нашиот успех. Благодарни сме на сите партнери кои низ годините придонесуваат за развојот на Витаминка и со кои заедно ги градиме идните успеси.















*Фокус на ...*

# Следење на новитетите во светот на бизнис технологиите

IT тимот на Витаминка присуствуваше на меѓународната конференција DynamicsMinds 2026 во Порторож, еден од најзначајните настани посветени на Microsoft Dynamics 365 и современите деловни технологии.




На конференцијата учествуваа Бранимир Димков, IT менаџер, како и Филип Кузманоски и Јане Мачески, IT/ERP администратори. Настанот понуди можност за следење на најновите технолошки трендови, размена на искуства и стекнување нови сознанија од експерти и компании од регионот и Европа.

Преку предавања, практични презентации и дискусии, нашите колеги имаа можност да се запознаат со актуелните решенија и иновации во областа на дигиталната трансформација, автоматизацијата и управувањето со деловните процеси.

Во Витаминка веруваме дека континуираното усовршување и следењето на современите технолошки достигнувања се важен предуслов за понатамошен развој. Ваквите настани придонесуваат за зајакнување на експертизата на нашите тимови и за унапредување на дигиталните процеси во компанијата.

*Фокус на ...*

# Во чекор со светските трендови во прехранбената индустрија

Претставници на нашата компанија беа дел од FOOD EXPO 2026 во Атина, една од најзначајните меѓународни саемски манифестации во областа на храна и пијалаци во Југоисточна Европа. Настанот ги обедини водечките компании, професионалци и носители на одлуки од индустријата, создавајќи простор за размена на искуства, воспоставување нови контакти и следење на најновите пазарни трендови.



На саемот присуствуваа наши претставници од комерцијалниот сектор, кои имаа можност одблиску да се запознаат со актуелните иновации, нови производи и современи развојни насоки во прехранбената индустрија. Воедно, настанот овозможи размена на искуства и идеи со професионалци и деловни партнери од различни пазари.

Со повеќе од 30 000 професионални посетители од над 80 земји и околу 1300 изложувачи, FOOD EXPO 2026 понуди сеопфатен увид во актуелните случувања и идните трендови што го обликуваат секторот. Ваквите настани претставуваат важна можност за следење на промените во индустријата и стекнување нови сознанија кои придонесуваат за подобро разбирање на пазарот и неговиот понатамошен развој.

*Издвојуваме*

# Еден месец учење и нови искуства во Јапонија

Нашиот колега Игор Рибар, директор на Секторот за набавки, учествуваше на меѓународна програма за корпоративен менаџмент и создавање вредност за потрошувачите, што се одржа во Осака, Јапонија, во организација на AOTS.
Програмата обедини претставници на компании од различни земји и овозможи запознавање со јапонските практики во областа на менаџментот, стратешкото планирање, развојот на бизнис модели и создавањето долгорочна вредност за потрошувачите. Преку предавања, практични работилници и посети на компании, учесниците имаа можност да стекнат нови знаења и да разменат искуства со професионалци од различни индустрии.
Покрај стручната надградба, престојот во Јапонија беше можност за запознавање со дел од јапонската деловна култура, пристапот кон организацијата на работните процеси и принципите што стојат зад успешното и одржливо работење на компаниите.
Во Витаминка веруваме дека вложувањето во знаење и професионален развој е инвестиција што создава вредност на долг рок. Токму затоа продолжуваме да ги поддржуваме можностите за учење, размена на искуства и стекнување нови перспективи кои придонесуваат за личен и професионален развој на нашите вработени.






*Фокус на ...*

# Витаминка во чекор со зелената и дигиталната трансформација

Олга Ристеска и Гордана Тошеска, во периодот од 20 до 22 мај 2026 година, учествуваа на Balkan Green Summit 2026, регионален бизнис и стратешки форум што се одржа во Сјеница, Србија. Самитот обедини претставници од индустријата, институциите, финансискиот сектор и експерти од областа на зелената транзиција, енергетската ефикасност, циркуларната економија, декарбонизацијата и дигиталната трансформација.

Учеството на овој значаен регионален настан претставува уште еден чекор во континуираната заложба на Витаминка за модерно, одговорно и одржливо работење. Темите обработени на самитот јасно покажаа дека одржливоста повеќе не е само регулаторна обврска или посебна ESG иницијатива, туку станува составен дел од конкурентноста, деловната стабилност и долгорочниот развој на производствените компании.




Еден од главните заклучоци од самитот беше дека енергетската ефикасност станува клучен фактор за стабилноста на производството и контролата на трошоците. Компаниите сè повеќе ќе треба да ја третираат енергијата како стратешки ресурс, преку подобро следење на потрошувачката, оптимизација на процесите и поголема предвидливост во работењето.

Особено внимание беше посветено и на управувањето со јаглеродниот отпечаток, ESG известувањето и транспарентноста во синџирите на снабдување. Во услови на зголемени европски и пазарни барања, точните податоци, следливоста и подготвеноста за известување стануваат важни предуслови за доверба кај партнерите, купувачите и финансиските институции.

Значајна тема на самитот беше и циркуларната економија, односно пристапот во кој отпадот, материјалите и нуспроизводите се третираат како потенцијален ресурс и извор на вредност. За производствените компании, ваквиот пристап отвора можности за подобра искористеност на ресурсите, намалување на загубите, оптимизација на пакувањето и поефикасно управување со отпадот.

Дигитализацијата беше истакната како еден од најважните двигатели на зелената трансформација. Без точни, навремени и систематизирани податоци, целите за одржливост тешко можат да се мерат и управуваат. Затоа, дигиталните алатки, автоматизацијата, следливоста и аналитиката стануваат основа за подобро одлучување, поголема ефикасност и поуспешно управување со производствените процеси.

За Витаминка, пораките од самитот имаат директна деловна важност. Тие ја потврдуваат потребата зелената и дигиталната трансформација да се развиваат како составен дел од деловната стратегија, преку координиран пристап меѓу производството, финансиите, набавката, квалитетот, одржувањето, ИТ и останатите функции во компанијата.

Витаминка веќе има поставено значајна основа во оваа насока преку ISO 14064-1 сертификацијата за јаглероден отпечаток, со што е воспоставена системска рамка за мерење, следење и управување со емисиите на стакленички гасови. Дополнително, претстојното објавување на првиот ESG извештај за 2025 година претставува уште еден важен чекор кон поголема транспарентност, одговорност и усогласување со европските и меѓународните стандарди.

Учеството на Balkan Green Summit 2026 уште еднаш потврди дека Витаминка активно ги следи современите индустриски трендови и навремено се подготвува за новиот модел на конкурентност, во кој енергетската ефикасност, ресурсната одговорност, дигиталната зрелост и ESG практиките имаат сè поголемо значење.

Со ваквиот пристап, компанијата продолжува да ја зајакнува својата отпорност, да ги унапредува интерните процеси и да создава основа за стабилен, одговорен и одржлив раст.

*Издвојуваме*

# Три значајни јубилеи, една заедничка приказна



Оваа година е особено значајна за нашата компанија и за Интернационалниот театарски фестивал „Војдан Чернодрински“. Додека ние одбележуваме 70 години постоење, фестивалот го слави своето 60-то издание, а нашето партнерство трае веќе половина век.

Низ годините, поддршката на културата и уметноста претставува важен дел од нашата општествена одговорност. Токму затоа сме особено горди што веќе 50 години сме дел од приказната на најреномираниот театарски фестивал во земјата, придонесувајќи кон негувањето и промоцијата на македонската театарска уметност и култура.

На свеченото отворање на јубилејното 60-то издание на фестивалот, добивме Благодарница за долгогодишната поддршка и придонес во неговиот развој. Ова признание претставува потврда за вредностите што заеднички ги негуваме и за партнерството кое трае со децении.

Во текот на фестивалските денови имавме чест да бидеме домаќини на дел од реномираните гости и учесници на фестивалот, врвни уметници и театарски работници кои со својата работа оставаат значаен белег во театарската уметност.

При нивната посета на Витаминка имаа можност одблиску да се запознаат со историјата на компанијата и со производствениот процес на еден од најпрепознатливите македонски брендови, Стоби Флипс. Посетата беше исполнета со многу интересни моменти, а посебен впечаток остави можноста да се пробаат Стоби Флипс директно од производствената линија, додека сè уште се топли, искуство што кај многумина разбуди убави спомени и емоции поврзани со детството.

Седумдесет години Витаминка. Шеесет години МТФ „Војдан Чернодрински". Педесет години заедничка соработка. Јубилеи кои сведочат за партнерство и пријателство изградено врз заедничка посветеност кон вистинските вредности, театарската уметност, македонската култура и афирмацијата на Прилеп како град со богата културна и индустриска традиција.
Веруваме дека културата е еден од најважните столбови на секое општество и затоа остануваме посветени на поддршката на иницијативи кои создаваат трајни вредности за нашиот град, нашата заедница и нашата земја. Ви благодариме за довербата и продолжуваме да бидеме верни партнери и поддржувачи на македонскиот театар, културата и уметноста.







*Актуелно*

# Витаминка дел од Firestarter 2026

FIRESTARTER

Нашата компанија беше горд спонзор на Firestarter 2026, меѓународна конференција посветена на Customer Experience (CX) и Employee Experience (EX), области кои денес имаат сè поголемо значење за развојот на успешни и одржливи организации. Конференцијата ги обедини бизнис лидерите, експертите и професионалците од регионот и пошироко околу теми поврзани со искуството на клиентите, искуството на вработените и современите пристапи во организацискиот развој.
Како дел од настанот, присутните имаа можност да ги дегустираат новите FitIn Cookies и да учествуваат во наградна игра организирана од Витаминка, преку која освоија слатки изненадувања од нашиот асортиман.
Firestarter 2026 понуди инспиративни предавања, панел-дискусии и практични примери од домашни и меѓународни компании, ставајќи акцент на создавањето подобро искуство за клиентите и вработените како клучни фактори за долгорочен успех.
Ни претставуваше особено задоволство што бевме дел од настан кој поттикнува размена на знаења, нови идеи и добри практики, а воедно ни овозможи да се поврземе со бројни професионалци и учесници во пријатна и позитивна атмосфера.

*Случувања*

# Витаминка дел од младинската иницијатива за циркуларна економија



Економски факултет – Прилеп беше центар на енергија, инспирација и креативност, каде младите ја покажаа својата визија за поодржлива иднина. По четврти пат се одржа натпреварот посветен на циркуларната економија, тема која станува сè поважна во современото општество.
Оваа година, натпреварот обедини 26 тимови и вкупно 146 средношколци од 12 училишта од Прилеп, Битола, Кавадарци, Кичево, Ресен и Македонски Брод. Континуираниот раст на бројот на учесници е јасен показател за зголемениот интерес и ентузијазам кај младите за теми поврзани со одржлив развој и иновативни решенија.
Креативните идеи беа оценувани од стручно жири составено од експерти од различни области, меѓу кои и претставник од Витаминка. Нашата колешка Верица Исајловска, администратор за човечки ресурси, имаше можност одблиску да ги проследи иновативните пристапи на младите и нивната посветеност кон создавање подобра иднина.
Најуспешните тимови беа наградени со парични награди:




**I место** - Тим „Кружен напад“ од
СОУ „Ристе Ристески Ричко“ - Прилеп
**II место** - Тим „ThrifBuddy“ од
СОУ „Мирко Милевски“ - Кичево
**III место** - Тим „Тиквешко злато“ (MBS) од
Гимназија „Добри Даскалов“ - Кавадарци



Овој настан уште еднаш покажа колку е важно да се инвестира во знаењето и свеста на младите генерации. Преку вакви иницијативи, се поттикнува развој на идеи што ја трансформираат перцепцијата за отпадот – од проблем во ресурс, со цел да се обезбеди одржливо користење на ресурсите и заштита на животната средина.
Како компанија што континуирано вложува во општествено одговорни практики, Витаминка со гордост поддржува настани кои ги охрабруваат младите да размислуваат креативно, одговорно и долгорочно. Се радуваме на следното издание – со уште повеќе идеи, уште повеќе млади таленти и уште поголема инспирација за иднината.

*Актуелно*

# На меѓународниот конгрес на правници

Под темата „AI и право", во Блед, Словенија, се одржува петтиот Меѓународен конгрес на правници. Во рамките на зададената тема, како и актуелноста, годинава фокусот беше на примената на вештачката интелигенција во правната професија. Конгресот, традиционално секоја година обединува повеќе од 300 правници од целиот регион, како и претставници од Европската Унија кои активно работат на овие теми.

Од Витаминка, на Конгресот присуствуваат и претставниците, Владимир Видески, правник и Орде Ѓорѓиоски, директор на секторот за правни и општи работи.

Присутните имаат можност да проследат врвни предавања од афирмирани експерти, како и да учествуваат во панел-дискусии и тркалезни маси посветени на актуелните предизвици и трендови во правото.

Посебен акцент е ставен на попладневните B2B средби и можностите за професионално вмрежување.




*Актуелно*

# Каде се движи иднината на supply chain индустријата

Како изгледа иднината на синџирите на снабдување и кои се клучните предизвици за модерниот бизнис? Токму овие прашања беа во фокусот на првиот специјализиран Supply Chain Summit 2026, кој на 14 мај во Скопје ги обедини професионалците од логистика, транспорт, производство, дистрибуција и ИТ секторот.

Меѓу активните учесници беше и Владимир Трпаноски од Витаминка, директор за продажба на домашен пазар, кој учествуваше на панел дискусија посветена на една од најактуелните теми во индустријата, дали логистиката треба да остане во рамките на компанијата или да се довери на надворешни партнери.



Покрај оваа тема, самитот отвори дискусии и за вештачката интелигенција, дигитализацијата, автоматизацијата, одржливоста и оперативната ефикасност. Со своето учество, Витаминка уште еднаш ја потврди својата посветеност кон следење на современите трендови и континуирано унапредување на деловните процеси.

*Случувања*

# Огледало на времето, приказна за генерациите






Низ танц, музика и актерска игра, балетското студио „Ребис“ ја оживеа корео-драмата „Огледало на времето“, сценско дело што ги истражува различните генерации, нивните вредности, предизвици и погледи кон светот. Преку емотивни и динамични сцени, младите изведувачи испратија силна порака дека, и покрај разликите, сите сме дел од истата приказна и носиме дел од времето во кое живееме.

Публиката имаше можност да ужива во вечер исполнета со уметност, емоции и инспирација, а настапот уште еднаш ја потврди моќта на сцената да отвора важни теми и да поттикнува размислување.

Како бренд што веќе седум децении е дел од секојдневието на различни генерации, Витаминка со особено задоволство поддржува проекти кои ги негуваат културните вредности, ја поттикнуваат креативноста и им даваат простор на младите таленти да се изразат и да растат.

*Случувања*

# Заедно против burnout

Во динамичното секојдневие, често забораваме дека најдобриот начин да се грижиме за резултатите е најпрво да се погрижиме за себе. Токму затоа, на 15 април се одржа работилницата „Баланс, благосостојба и превенција на burnout“, посветена на една од најважните теми за современиот работен човек - менталното здравје.



Преку отворени разговори, размена на искуства и практични совети, учесниците имаа можност да научат како да ги препознаат првите знаци на прегорување, поефикасно да се справуваат со стресот и да создадат поздрави секојдневни навики.

Со ваквите иницијативи, Витаминка продолжува да вложува во она што е најважно - своите луѓе, градејќи работна средина во која благосостојбата, поддршката и личниот развој се подеднакво важни како и професионалниот успех.






*Случувања*

# Во духот на хуманоста и тимската работа

Прилеп беше домаќин на Регионалниот натпревар по прва помош, организиран од Општинската организација на Црвениот крст - Прилеп. Настанот обедини 14 екипи од регионот, околу 100 натпреварувачи и голем број волонтери кои преку практични сценарија ги демонстрираа своите знаења, вештини и подготвеност за укажување прва помош.



Натпреварот беше вистински приказ на тимска работа, посветеност и хуманост, потсетувајќи на важноста на првата помош како вештина што може да спаси живот. Во реализацијата на настанот учествуваа бројни волонтери, судии и логистички тимови, а значајна улога имаа и партнерите кои ја поддржаа организацијата.

Меѓу поддржувачите беше и Витаминка, која со






своето учество придонесе за успешна реализација на овој значаен настан. Поддршката на иницијативи кои промовираат знаење, одговорност и грижа за заедницата останува важен дел од вредностите што компанијата ги негува.

*Едукација*

# Нови генерации во посета на Витаминка

Посетите од ученици секогаш претставуваат посебно задоволство за нас. Низ годините, Витаминка е место каде што младите имаат можност одблиску да се запознаат со процесите на работа, организацијата на една современа компанија и професиите кои стојат зад создавањето на производите што ги познаваат и сакаат.

Во изминатиот период бевме домаќини на основци од повеќе градови низ Македонија, кои ги посетија нашите производствени капацитети и имаа можност да видат како настануваат дел од најпознатите производи од нашиот асортиман. Преку овие посети учениците се запознаа со производствените процеси, стандардите за квалитет и начинот на функционирање на компанијата. Веруваме дека ваквите средби се значајни бидејќи им овозможуваат на младите практично да го надополнат знаењето стекнато во училиштата и факултетите, а воедно да добијат појасна претстава за можностите што ги нуди современата индустрија. Како и секогаш, сите наши гости ги пречекавме со големо задоволство и ги испративме со убави впечатоци и производи од нашиот асортиман.














ПРИЛЕП
PRILEP








70
години

*Нашите брендови*

# Неразделни со фудбалот и надвор од теренот

Фудбалската еуфорија ова лето беше можност нашите брендови да бидат дел од бројни активности и дружења со потрошувачите, носејќи дополнителна енергија и забава за сите љубители на спортот.
Во Diamond Mall, во Скопје, Stobi Flips Magnus организираше интерактивна активација под мотото „Неразделни со фудбалот", каде посетителите учествуваа во различни фудбалски предизвици, натпревари и наградни активности. Настанот привлече голем број посетители кои преку игра, дружење и забава станаа дел од фудбалската атмосфера.
Истовремено, Витаминка беше присутна и на фудбалските настани во Club Calypso, во Прилеп, каде посетителите ги следеа натпреварите во одлична атмосфера, придружени со производи од нашето портфолио.
Присуството на вакви настани е можност нашите брендови да бидат дел од искуства што ги носат спортот, дружењето и добрата атмосфера. Токму преку вакните активности создаваме дополнителна вредност за потрошувачите и ја зајакнуваме поврзаноста со брендовите што ги сакаат.






*Витаминка за децата*

# Учество во напредна образовна програма во Канада

## Орде Ѓорѓиоски

Во периодот од 6 – 19 јуни 2026 година отпатував во Канада, а со цел да земам учество на Queen's Leadership Program во рамките на Smith School of Business при Queen's University во Канада, како и да остварам т.н. job shadowing искуство (набљудување на работни процеси во странски организации). Програмата беше интензивна и во периодот од 8 – 12 јуни се одвиваше во рамките на Donald Gordon Conference центарот во Кингстон, а потоа активностите продолжија во Торонто. На програмата учество зедоа околу 30 учесници, од коишто дури 26-7 беа професионалци од Канада, претставувајќи врвни компании и организации ширум земјата, како и тројца учесници од Македонија.




Искуството можам да го опишам како уникатно, возбудливо и мотивирачко. Имено, имавме извонредна прилика да слушаме предавања и работиме практични вежби под менторство на проф. Julian Barling, кој се вбројува меѓу 2% најцитирани научници во светот. Од негова страна имавме прилика да научиме многу за Trasformational Leadership и Charismatic Leadership. Потоа, имавме одлична прилика да слушаме предавања од страна на г-ѓа Peggy Baumgartner, високо респектиран едукатор и тренер во најразлични организации во Америка, со повеќе од 25 годишно искуство. Нејзините предавања беа поврзани со Building Self-Awareness и Self-Aware Leader, а завршија со TAIS Feedback Sessions, со поединечни 40 минутни дискусии еден на еден за нивните TAIS профили и потенцијалот кој го имаат. Во тој дел, лично добив највисоки оценки за мојот TAIS профил и имавме многу конструктивна дискусија за пристапот кој би требало да го имам со луѓето со коишто соработувам. Активностите продолжија со г-ѓа Monique Kavelaars, која е канадски олимпиец и наградуван спортист, но и консултант со долгогодишно искуство во подучувањето врвни професионалци од различни индустрии. Она што беше карактеристика на обуката е практичниот аспект на кој се полага многу внимание и ангажманот на сите учесници во различни видови практични вежби и активности.

Посебно беа интересни групните состаноци на коишто се разгледуваа проблеми пријавени од учесници во рамките на pre-work активностите пред упатување на обуката. На таквите состаноци секој учесник добиваше улога на набљудувач или helper или seeker и активно партиципираше во решавањето на проблемот. Групната работа беше исклучително корисна бидејќи претставуваше извонредна можност од прва рака да се слушнат различни видувања за проблемот, особено од страна на лица што доаѓаат од сосема поинаква средина. Она што беше забележително е високото ниво на кооперативност, поддршка и професионалност од сите учесници. Самата програма има и една друга вредна димензија, којашто треба да се спомене. Тоа е можноста да



оствариш контакти со професионалци од Канада и други делови од светот, да се запознаеш со нивниот начин на размислување и пристап кон работите, но и да ги споделиш и тестираш сопствените искуства. За таа цел, покрај бројните дискуии коишто ги имавме за време на паузите од предавањата и на групните вежби, беше организиран и банкет на којшто акцентот беше ставен на дружењето и меѓусебното запознавање.
Посебно задоволство претставуваше средбата со проф. Гоце Андревски, редовен професор на Queen's University, со широки познавања од областа на менаџментот, економските анализи и други економски дисциплини. Од негова страна ни беше организирана одлична прошетка на целиот кампус на универзитетот, како и заедничка прошетка на Thousand Islands на езерото Онтарио. Можам да кажам најпофални зборови за професорот, со желба да го повториме дружењето и да имаме можност да слушнеме и негово предавање на одредена тема. Огромна пофалба и за Ико, Маргарита и Александар, коишто одвоија значајно време за да бидат со нас за целото време додека престојувавме во Канада, особено во периодот на нашето присуство во Торонто. Станува збор за исклучителни професионалци и индивидуи коишто со срце и душа ги поддржуваат активностите на организацијата Македонија2025, а секој разговор со нив беше бесценет и крајно инспиративен за нас. Посебна благодарност должиме на г-ѓа Lillian Stojanovski за љубезната покана за посета на Fairview Mall и на Alcon Canada.
Од друга страна, огромна благодарност должиме на челниците на организацијата Македонија2025, особено на г-ѓа Нена Манчев, за посветеноста и максималната поддршка од процесот на обезбедување визи и насочувањето, до поврзувањето со луѓето од македонската заедница и активностите во Канада. Особено значајно за нас беше добивањето на стипендиите за учеството на оваа ценета програма. Процесот за доделување на стипендиите беше малку комплициран, имаше два вида на селекција и низ истиот поминав како прворангиран. Она што е особено значајно е широката поддршка од страна на мојата компанија „Витаминка“ за учеството на програмата, а ваквото учество ќе биде основа за отворање на патот за партиципација во вакви и слични програми и на други вработени во организацијата. Она што би го издвоил е воодушевувањето од нашите производи од учесниците на програмата, коишто имаа прилика да ги вкусат нашите: Стоби Флипс, Атлантис, Чоко Стоби Флипс и други производи. Треба да се гордееме како компанија бидејќи располагаме со извонреден квалитет на производите, но и со знаење и опременост за коишто можат да позавидат многу индивидуалци и компании во странство.




Оваа програма ја има мојата највисока препорака. Она што веројатно е највредно на крајот на денот е инспирацијата со којашто се враќаме и неколкуте нови важни контакти во нашите телефони. Сигурен сум дека научените лекции и стекнатото искуство ќе ги применам во секојдневната работа.



*Нови технологии*

# Витаминка дел од националната иницијатива „ВЕЗИЛКА“

Витаминка беше дел од официјалното претставување на „ВЕЗИЛКА“ – Националната фабрика за вештачка интелигенција, иницијатива која има за цел да го зајакне развојот и примената на вештачката интелигенција во Северна Македонија и да ја вклучи земјата во европскиот AI екосистем.
На настанот присуствуваа Симона Симоновска, раководител на маркетинг тимот на Витаминка, и Душица Неделкоска, маркетинг и ПР координатор, кои имаа можност да ги проследат дискусиите за улогата на вештачката интелигенција во дигиталната трансформација, економскиот развој и иновациите, како и да разменат искуства со претставници од институциите, академската заедница и бизнис секторот.
Следењето на современите технологии и новите дигитални трендови е важен дел од нашиот пристап кон развојот и иновациите. Ваквите настани отвораат простор за нови идеи, професионално вмрежување и согледување на можностите што вештачката интелигенција ги носи во маркетингот, комуникациите и современото деловно работење.







*Вложуваме во спортот*

# Кога спортот и хуманоста одат рака под рака

На хуманитарната трка „Трка со срце – Prilep Run 2026“, вработените од Витаминка беа дел од иницијатива што ги обедини спортот, хуманоста и заедништвото. Со секој истрчан километар, тие дадоа поддршка на кауза која потсетува дека и најмалиот чекор може да направи голема разлика во нечиј живот.

Настанот беше можност не само за спортско дружење, туку и за испраќање силна порака за солидарност, грижа и општествена одговорност. Преку своето учество, тимот уште еднаш покажа дека вистинските вредности се градат и надвор од работното место.




Веруваме дека успехот добива најголема вредност кога се споделува со заедницата. Затоа сме горди што бевме дел од настан кој ги поврзува луѓето околу заедничка цел – да помогнеме, да поддржиме и да инспирираме позитивни промени.




*Автор: Кети Радевска од село Буково, Битола ликовен уметник*



**ВИТАМИНКА**

Врвен квалитет и традиција,  
број еден бренд без конкуренција.  
Годинава јубилеј од 70 години слави.

За вас секој знае,  
Симбол на успех  
кој вредно години трае.

„Атлантис“ патува преку океани,  
а „Стоби флипс“ и од вселената насмевки мами,  
„Фрути“ на забава те кани,  
со „Дафинка“ никогаш не сте сами.

Палета со производи многу,  
има вкусови за секого.  
Ви посакувам многу години вака да биде.  
Бидете успешни уште многу лета,  
горди на успеси,  
а труд и посветеност во фабриката да цвета.



06.06.2026  
Прилеп

Ана Ангелеска


Пред точно 70 години




70
ВИТАМИНКА









4
5




НЕРАЗДЕЛНИ СО
ФУДБАЛОТ
VITAMINKA
MAGNUS
ORIGINAL
MORE TASTE
30%
PEANUTS
CORN PUFFS
WITH PEANUTS
200 g / 7.05 oz
VEGAN
MAGNUS
EXTRA
30%
PEANUTS
CORN PUFFS
WITH PEANUTS
MAGNUS
30%
PEANUTS
THE BeaT